# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

| | |
|---|---|
| ”Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” | 28 Февруари .2007 год. |
| Излегува по потреба | Скопје |
| | Бр. 2 Год. II |

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com

**Скопје, Февруари 2007 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за измени и дополнување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година**

Се објавува Одлуката за измени и дополнување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 23.02.2007 година.

**Број 08-493/1**
**од 28.02.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ( вСл.весник на Р.М. в бр. 5/2002 ), член 16 став 1 точка 2 и член 28 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (в Сл. гласник на Општина Ѓорче Петровв бр. 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 44-та Седница одржана на 23.02.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За Измени и дополнување на Буџетот**
**на Општина Ѓорче Петров за 2007 година**

**1. Општ дел**

**Ч л е н 1**

Во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година (в Сл. гласник на Општина Ѓорче Петров в бр. 12/2006 ) се вршат следните измени и дополнувања:

- **Приходи**

| **во колона буџет** | **Стои** | **Треба да стои** |
|---|---|---|
| - конто 717137 - Надомест за уред.град.земј. | 42.420.000 | 42.620.000 |
| - конто 725111 - Тековни донации | 1.500.000 | 4.000.000 |
| - конто 741211 - Кап.трансф.од др.нивоа на власт | 0 | 498.300 |

- **Расходи**

**Програм Д0 -Градоначалник** во колона буџет,

| | | |
|---|---|---|
| -конто 402110 - Придонес за ПИО | 230.000 | 335.000 |

**Програм Е0- Општинска администрација** во колона буџет,

| | | |
|---|---|---|
| -конто 401120 - Нето плата држ.службен. | 8.982.200 | 7.982.200 |
| -конто 401510 - Персонален данок | 149.400 | 1.149.400 |
| -конто 401520 - Персон.дан.од др.надом. | 0 | 16.800 |
| -конто 402110 - Основ.приодонес за ПИОМ | 3.842.000 | 3.720.200 |

**Програм ЈЕ - Изградба на простор за паркирање во колона буџет**

| | | |
|---|---|---|
| -конто 482920 - Изград.на прост.за паркирање | 500.000 | 3.867.000 |

**Програм ФА - Уредување на градежно земјиште во колона буџет**

| | | |
|---|---|---|
| - конто 482120- Изградба на улици и патишта | 5.000.000 | 4.333.000 |

**Програм ЈИ - Изградба на колектори и фекална канализација во колона буџет**

| | | |
|---|---|---|
| - конто 482320 - Изград.на преч.стан и колект. | 2.000.000 | 2.498.300 |

**Ч л е н 2**

Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година влегуваат во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општината, а ќе се применуваат од 01 Јануари до 31 Декември 2007 година.

**Број 07- 391/3**
**23.02.2007 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П Р Е Т С Е Д А В А Ч,**
**Харалампие Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за родова еднаквост на Советот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Решението за избор на Претседател и членови на Комисијата за родова еднаквост на Советот на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Четириесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 23.02.2007 година.

**Број 08-493/2**
**од 28.02.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр 5/02), член 16 став 1 точка 32 и член 42 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 5/06), во врска со член 112 став 1 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров ((Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 12/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 44-тата Седница одржана на ден 23.02.2007 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Претседател и членови на Комисијата за родова еднаквост на Советот на Општина Ѓорче Петров**

1. За Претседател и членови на Комисијата за родова еднаквост на Советот на Општина Ѓорче Петров, се избираат:

- За Претседател Цветанка Гроздановска

- За членови
  1. Маја Кушевска
  2. Кети Костадиновска
  3. Соња Ефтимовска
  4. Радослав Стојковиќ

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ”Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 07-391/4**
**23.02.2007 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П Р Е Т С Д А В А Ч,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усогласување на постојаните Комисиии на Советот на Општина Ѓорче Петров со Статутот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за усогласување на постојаните Комисии на Советот на Општина Ѓорче Петров со Статутот на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 23.02.2007 година.

**Број 08-493/3**
**од 28.02.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 15 (Службен весник на РМ бр 5/02), член 16 став 1 точка 32, член 42 став 1, член 43 и член 44 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 44-тата Седница одржана на ден 23.02.2007 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усогласување на називите на постојаните Комисии на Советот на Општина Ѓорче Петров со Статутот на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа одлука се усогласуваат називите на постојаните Комисии на Советот на Општина Ѓорче Петров со Статутот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Називот: Комисија за финансирање и Буџет, се менува и гласи: Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој.

Називот: Комисија за општествени дејности , се менува и гласи: Комисија за образование, наука, здравствена , социјална заштита и заштита на децата.

Називот: Комисија за комунални дејности , се менува и гласи: Комисија за комунални дејности, улици и патишта.

Називот: Комисија за награди и признанија, се менува и гласи: Комисија за култура, спорт, млади, признанија и награди.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07-391/5**
**23.02.2007 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П Р Е Т С Е Д А В А Ч,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за воведување на самопридонес за изградба на фекална канализација во населените места Волково, Волково-Пржина, Ново Село, Кисела Јабука и Стопански Двор**

Се објавува Одлука за измена и дополнување на Одлуката за воведување на самопридонес за изградба на фекална канализација во населените места Волково, Волково-Пржина, Ново Село, Кисела Јабука и Стопански Двор, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и петтата Седница на Советот, одржана на ден 28.02.2007 година.

**Број 08-494/1**
**од 28.02.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 45-тата Седница одржана на ден 28.02. 2007 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## За измена и дополнување на Одлуката за воведување на самопридонес за изградба на фекална канализација во населените места Волково, Волково - Пржина, Ново Село, Кисела Јабука и Стопански Двор

### Член 1

Се врши измена и дополнување на Одлуката за воведување на самопридонес за изградба на фекална канализација во населените места: Волково, Волково - Пржина, Ново Село, Кисела Јабука и Стопански Двор (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 01/07) на следниот начин.

**Член 7 се менува и гласи**:

"Граѓаните кои нема да го искористат правото на уплата на износот за самопридонес во рок и на начин утврдени во член 2 и член 5 од оваа Одлука, ќе плаќаат износ зголемен за 7 (седум) пати во однос на утврдениот износ, зголемен со законска затезна камата согласно Законот за висината на стапката на затезната законска камата, а наплатата ќе се врши по судски пат.

Зголемувањето на износот за самопридонес за 7 (седум) пати е соодветен на реалната вредност на целокупната инвестиција за реализирање на проектот која изнесува 7.000.000 евра.

Надзорот над приклучувањето ќе го врши ЈП Водовод и канализација и Општинската администрација. "

### Член 2

Членот 8 се брише а член 9 и член 10 стануваат член 8 и член 9.

### Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07-469/3**
**28.02.2007 год.**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П Р Е Т С Е Д А В А Ч,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

# Содржина

## Општина Ѓорче Петров

1. **Одлука за измени и дополнување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година . . . . . . . . . стр. 2**

2. **Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за родова еднаквост на Советот на Општина Ѓорче Петров . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 4**

3. **Одлука за усогласување на називите на постојаните Комисии на Советот на Општина Ѓорче Петров со Статутот на Општина Ѓорче Петров . . . . . . стр. 6**

4. **Одлука за измена и дополнување на Одлуката за воведување на самопридонес за изградба на фекална канализација во населените места Волково, Волково-Пржина, Ново Село, Кисела Јабука и Стопански Двор . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 8**

Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи
и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци